РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-737/3
28-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-737/1 од 12.02.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Управен одбор во Јавното претпријатие ------------------------------- ----------, од страна на Советот на Општина ---------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметот, поради тоа што нема надлежност да се произнесува по однос на исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на управен одбор на наведното јавно претпријатије.

Предметот со број 12-737/1 од 12.02.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 12.02.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Управен одбор во Јавното претпријатие ---------------------------------------- ------------- од страна на Советот на Општина ------------ и е оформен предмет број 12-737/1 од 12.02.2026 година. Кон пријавата е приклучена и писмено 12-737/2 од 12.02.2026 година, со исти предметни наводи само од друг подносител.
Подносителите на пријавата биле дел од кандидатите во предметната постапка, во која иако биле второрангиран/петорангиран во конечната ранг листа изготвена од страна на Комисијата за административна селекција, сепак, од страна на Советот на Општина ---------, не биле избрани за член на Управниот одбор на предметното јавно претријатие.

Подносителите се сомневаат за злоупотреба на дискреционото право на Советот на Општината, кој според нив постапил субјективно и со прекршување на начелото на еднакви можности од причина што за членови на Управниот одбор биле именувани лица кои имале значително помал број на бодови и биле послабо рангирани, со што не биле испочитувани критериумите за стручност и компетентност утврдени во Правилникот на Министерството за економија и труд бр.15-542/1 од 16.10.2024 година.

При разгледување на пријавените наводи како и доставената документација кон пријавите, ДКСК го констатира следното:
Предметната постапка за избор на членови на Управен одбор во наведеното јавно претријатие, била реализирана од страна на Комисија за селекција формирана од Советот на општината согласно член 17-а од Законот за јавните претпријатија. Наведената Комисија, постапувајќи согласно одредбите од Законот, ја спровела постапката за селекција на членови на управниот одбор на јавното претпријатие при што проверува и утврдува дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претријатие, утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување, спроведува интервју и на крајот подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг - листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор, која се објавува на веб страницата на основачот на јавното претпријатие.
Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата за селекција, донесува одлука за именување на членови во управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.
Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие, имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај нема надлежност да се произнесува по однос на исполнетоста на условите од страна на кандидатите кои се пријавиле за избор на членови на управен одбор на наведното јавно претпријатие, а воедно, подносителите на пријавата како незадоволен кандидат во предметните постапки имале право да побараат заштита и да поведат управен спор до надлежен суд.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: B.Xh., член/ anëtar